**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА/ REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT**
**ОСНОВЕН СУД ДЕБАР / GJYKATA THEMELORE DIBËR**

**ул. “Велко Влаховиќ” бб/ rr. “Velko Vllahoviq” pn,, 1250 Дебар/ Dibër**
**тел.046/831-404 тел.фах 046/831 600, e-mail: contact@osdebar.mk**

**СУ.бр.01-4/21/1 – AGJ.nr.01-4/21/1**
**22.02.2021 год./viti**
**ДЕБАР - DIBËR**



# И З В Е Ш Т А Ј

# ЗА РАБОТАТА НА ОСНОВЕН СУД ДЕБАР

# За 2020 година

**ФЕВРУАРИ 2021**

# С О Д Р Ж И Н А

**ВОВЕД** ........................................................................................................ стр.3

**1. ПОДАТОЦИ ЗА РАБОТА СО ПРЕДМЕТИ** ............................................ стр.4

**1.1. Податоци за работа со предмети на ниво на суд**
1.1.1. Движење на предметите на ниво на суд по сите основи
1.1.2. Предмети судска управа
1.1.3. Квалитетот на работење на ниво на суд по сите основи

**1.2. Податоци за работа со предмети на ниво на оддел** ............................. стр.5
1.2.1. **Кривичен оддел**
1.2.1.1. Движење на предметите на ниво на Кривичен оддел по сите основи
1.2.1.2. Движење на предметите на ниво на Кривичен оддел по видови предмети
1.2.1.3. Квалитетот на работење на ниво на Кривичен оддел по сите основи
1.2.2. **Граѓански оддел**
1.2.2.1. Движење на предметите на ниво на Граѓански оддел по сите основи
1.2.2.2. Движење на предметите на ниво на Граѓански оддел по видови предмети
1.2.2.3. Квалитетот на работење на ниво на Граѓански оддел по сите основи

**1.3. Состојба со стари нерешени предмети на ниво на суд** ..................... стр.10

**1.4. Податоци за предметно работење на Претседателот на судот и судиите** ........................................................................................................ стр.11

**1.4.1. Претседател на судот - СУДИЈА ILIR ISENI**

1.4.1.1. Движење на предметите кај Претседателот на судот по сите видови
1.4.1.2. Квалитетот на работење на Претседателот на судот

**1.4.2. СУДИЈА ДАМЈАН ИЛОСКИ**

1.4.2.1. Движење на предметите кај судијата по сите видови предмети
1.4.2.2. Квалитетот на работење на судијата Дамјан Илоски
1.4.2.3. Состојба со стари нерешени предмети кај судијата

**1.4.3. СУДИЈА MERSIM MARKU**

1.4.3.1. Движење на предметите кај судијата по сите видови предмети
1.4.3.2. Квалитетот на работење на судијата Mersim Marku
1.4.3.3. Состојба со стари нерешени предмети кај судијата

**1.4.4. СУДИЈА ОРУЧ АБАЗОВСКИ**

1.4.4.1. Движење на предметите кај судијата по сите видови предмети
1.4.4.2. Квалитетот на работење на судијата Оруч Абазовски
1.4.4.3. Состојба со стари нерешени предмети кај судијата

**2. ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ** ........................................................................ стр.23

**3. СУДСКА ПРАКСА** ........................................................................ стр.24

**4. ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ** ..................................................................... стр.24

**5. ПОДАТОЦИ ЗА ИНФОРМАТИЧКА ТЕХНОЛОГИЈА** ............................... стр.24

**6. ОПРЕМЕНОСТ И ОДРЖУВАЊЕ НА ЗГРАДАТА НА СУДОТ** ................ стр.25

**7. ПЛАНИРАНИ И ИЗВРШЕНИ ЈАВНИ НАБАВКИ**........................................ стр.26

**8. ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА СУДОТ** ................................................ стр.27

# В О В Е Д

Согласно член 28 ст.1 т.7 и член 30 од Законот за судовите, **Основниот суд во Дебар** е суд со основна надлежност основан за подрачјето на општините Дебар и Центар Жупа.

Тргнувајќи од работите и задачите од својата надлежност што произлегува од Законот за судовите, Судот со ангажирање на сите вработени работеше на целосна реализација на Програмата за работа на судот за 2020 година.

Функцијата Претседател на судот во извештајната година ја извршуваше судијата ILIR ISENI.

За Заменик претседател на судот беше именуван судијата Оруч Абазовски.

Работата во Основен суд Дебар се одвиваше во два судски оддели: Кривичен и Граѓански судски оддел.

Со Распоредот за работа на судиите во судот, беа именувани раководители на одделите.

**Во извештајниот период, Основен суд Дебар работеше во услови на кризна состојба пропишана од Владата на РСМ во општините Дебар и Центар Жупа, и тоа сметано од 13.03.2020 до 13.04.2020 година, како и во услови на вонредна состојба прогласена со Одлуката за прогласување на вонредна состојба на територијата на Република Северна Македонија од 18.03.2020 година донесена од Претседателот на Република Северна Македонија.**

Во овој извештај прикажани се податоци за предметното работење на судот, на одделите и судиите, податоци за човечките ресурси, судскате пракса, односи со јавност, податоци за информатичката технологија, опременост и одржување на судската зграда, податоци за планираните и извршени јавни набавки и за извршувањето на буџетот на судот во 2020 година.

# 1. ПОДАТОЦИ ЗА РАБОТА СО ПРЕДМЕТИ

## 1.1. ПОДАТОЦИ ЗА РАБОТА СО ПРЕДМЕТИ НА НИВО НА СУД

### 1.1.1. Движење на предметите на ниво на суд по сите основи

Во 2020 година Основниот суд Дебар вкупно во работа имал **7094** предмети од кои **347** предмети пренесени од претходната година. Решени се **6758** предмети, а нерешени останале **336** предмети.

*Податоците за примени и решени предмети во текот на 2020 година на ниво на суд се прикажани во следната табела:*

| **ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА СУД** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Нерешени предмети на почеток | Новопримени предмети | Повторно заведени предмети | Погрешно заведени предмети | Вкупно предмети во работа | Решени предмети | Остаток |
| **347** | **6690** | **60** | **3** | **7094** | **6758** | **336** |

Според бројот на примени и решени предмети, судот во 2020 година **го совлада приливот на предмети** и со тоа за **11** предмети го намали заостатокот на нерешени предмети.

Според видот на нерешени предмети на крајот на годината, има застој во решавањето на предметите оставина доверени во работа на нотар. По овие предмети постапува само еден нотар и тоа Нотар Агрон Чутра од Дебар.

### 1.1.2. Предмети - Судска управа

Во извештајната година Судот од предметите судска управа имал **426** предмети.

*Табеларен приказ за движење на предметите од судска управа:*

| **Вид на предмети** | **Нерешени на почетокот на 2020 год.** | **Новопримени предмети** | **Вкупно предмети во работа** | **Решени предмети** | **Останати нерешени предмети** |
|---|---|---|---|---|---|
| **СУ – 01-07** | 0 | **383** | **383** | **383** | **0** |
| **СУ – ДОВ** | 0 | **8** | **8** | **8** | **0** |
| **СУ – ИЗЗ** | 0 | **10** | 10 | **10** | **0** |
| **УПП** | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** |
| **СПИ** | 0 | **25** | **25** | **25** | **0** |
| **ВКУПНО** | **0** | **426** | **426** | **426** | **0** |

### 1.1.3. Квалитетот на работење на ниво на суд по сите основи

Според податоците во АКМИС системот во 2020 година обжалени се вкупно **71** предмет.

Од обжалени вратени од второстепен суд, вкупно се **40** предмети, од кои **24** предмети со одлука потврдена, **10** предмети со одлука укината, **3** предмети со одлука преиначена, **2** предмет со одлука делумно укината и **1** предмет со одлука отфрлена.

*Табеларен преглед на квалитет на работење на судот:*

| **Решени предмети** | **Потврдени** | | **Укинати** | | **Преиначени** | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Број | Број | % | Број | % | Број | % |
| **687** | **24** | **3,49** | **10** | **1,45** | **4** | **0,58** |

Пресметката на квалитетот на работење на ниво на суд е направена на вкупно решените предмети (вклучувајќи ги предметите повторно во работа) и тоа на потврдени, укинати и преиначени одлуки, **без предметите по кои не е дозволен правен лек (КП, КР, КУИКП, ЗАМ-К, ИКП, ИПРК, ИСАМ, ЗАВ, ЗАМ-С, ИДС, ПСО и О1).**

## 1.2. ПОДАТОЦИ ЗА РАБОТА СО ПРЕДМЕТИ НА НИВО НА ОДДЕЛ

### 1.2.1. КРИВИЧЕН ОДДЕЛ

#### 1.2.1.1. Движење на предметите на ниво на Кривичен оддел по сите основи

Во 2020 година Кривичниот оддел имал вкупно во работа **2696** предмети, од кои **35** предмети пренесени од претходната година. Во текот на годината по сите основи решени се **2676** предмети, а нерешени останале **20** предмети.

Во кривичниот оддел, согласно Распоредот за работа на судот за 2020 година постапуваа Претседателот на судот, судија Ilir Iseni, и судијата Дамјан Илоски (по предметите кривичен совет вон расправа) и судиите Оруч Абазовски и Mersim Marku.

*Табеларен приказ на движење на предметите по сите основи на ниво на Кривичен оддел:*

| **ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА КРИВИЧЕН ОДДЕЛ** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Нерешени предмети на почеток | Новопримени предмети | Повторно заведени предмети | Погрешно заведени предмети | Вкупно предмети во работа | Решени предмети | Остаток |
| **35** | **2629** | **26** | **1** | **2696** | **2676** | **20** |

Кривичниот оддел успеал да **го совлада приливот предмети** и да го намали остатокот на нерешени предмети за **15** предмети.

### 1.2.1.2. Движење на предметите на ниво на Кривичен оддел по видови предмети

*Табеларен приказ на движење на предметите во Кривичен оддел по уписници:*

| КРИВИЧЕН ОДДЕЛ | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Вид на предмет** | **Извршување (санкции) кривично** | | | | |
| **Подвид предмети** | **Нерешени предмети на почеток** | **Примени предмети** | **Вкупно предмети во работа** | **Решени предмети** | **Остаток** |
| Повикување на лица на издржување казна затвор | 29 | 20 | 49 | 32 | 17 |
| Извршување на кривични парични казни, трошоци и паушал | 0 | 31 | 31 | 31 | 0 |
| Извршување на прекршочни глоби, трошоци и паушал | 1 | 83 | 84 | 83 | 1 |
| Извршување на кривични и прекршочни санкции и алтернативни мерки | 0 | 7 | 7 | 7 | 0 |
| **Вкупно вид предмети** | **30** | **141** | **171** | **153** | **18** |
| **Вид на предмет** | **Кривични полнолетни** | | | | |
| **Подвид предмет** | **Нерешени предмети на почеток** | **Примени предмети** | **Вкупно предмети во работа** | **Решени предмети** | **Остаток** |
| Предмети за кривично полнолетни | 5 | 117 | 122 | 120 | 2 |
| Разни кривични предмети | 0 | 1968 | 1968 | 1968 | 0 |
| Кривични предмети претходна постапка | 0 | 33 | 33 | 33 | 0 |
| Кривичен совет-вон расправа | 0 | 58 | 58 | 58 | 0 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Замолници кривична област | 0 | 6 | 6 | 6 | 0 |
| **Вкупно вид предмети** | **5** | **2182** | **2187** | **2185** | **2** |
| **Вид предмети** | **Прекршочни** | | | | |
| **Вкупно вид прдемети-Прекршочни** | **6** | **332** | **338** | **338** | **0** |
| **ВКУПНО** | **41** | **2655** | **2696** | **2676** | **20** |

### 1.2.1.3. Квалитетот на работење на ниво на Кривичен оддел по сите основи

Во 2020 година во овој оддел обжалени се **35** предмети.

Од обжалените вратени од второстепен суд вкупно се **21** предмети, од кои **12** предмети со одлука потврдена, **4** предмети со одлука укината, **3** предмети со одлука преиначена, **1** предмет со одлука делумно укината и **1** предмет со одлука отфрлена.

*Табеларан приказ за квалитетот на работење на ниво на Кривичен оддел:*

| **Решени предмети** | **Потврдени** | | **Укинати** | | **Преиначени** | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Број | Број | **%** | Број | **%** | Број | **%** |
| **516** | **12** | **2,32** | **4** | **0,77** | **3** | **0,58** |

## 1.2.2. ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ

### 1.2.2.1. Движење на предметите на ниво на Граѓански оддел по сите основи

Граѓанскиот оддел на судот во 2020 година вкупно предмети во работа по сите основи имал **3972** предмети, од кои **306** предмети пренесени од претходната година. Решени се **3656** предмети, а нерешени останале **316** предмети.

Во Граѓанскиот оддел согласно Распоредот за работа на судот за 2020 година постапуваа Претседателот на судот, судија Ilir iseni, и судиите Дамјан Илоски и Mersim Marku.

*Табеларен приказ на движење на предметите во Граѓански оддел по сите основи:*

| Нерешени предмети на почеток | Новопримени предмети | Предмети повторно во работа | Погрешно заведени предмети | Вкупно предмети во работа | Решени предмети | Остаток |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **306** | **3652** | **14** | **2** | **3972** | **3656** | **316** |

Во Граѓанскиот оддел **не е севладан приливот** на предмети и има заостаток за 10 предмети.

Заостатокот на решавањето на предметите во Граѓанскиот оддел **е зголемен поради големиот број на нерешени предмети во работа на нотар**. Од вкупниот број на нерешени предмети на крајот на годината, кој број изнесува 316 предмети, 263 предмети се оставина во работа на нотар. По овие предмети постапува само еден нотар, иако за подрачјето на Основен суд Дебар предвидено е да работат три нотари.

### 1.2.2.2. Движење на предметите на ниво на Граѓански оддел по видови предмети

*Табеларен приказ на движење на предметите во Граѓански оддел по уписници:*

| ГРАЃАНСКА ОДДЕЛ | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Вид предмети** | **Вонпарнични** | | | | |
| **Подвид предмет** | **Нерешени предмети на почеток** | **Примени предмети** | **Вкупно предмети во работа** | **Решени предмети** | **Остаток** |
| Оставина | **221** | **202** | **423** | **160** | **263** |
| О 1 | **0** | **2** | **2** | **2** | **0** |
| Физичка делба | **3** | **0** | **3** | **3** | **0** |
| Разни вонпарнични предмети | **0** | **673** | **673** | **673** | **0** |
| Вон парнични предмети | **3** | **26** | **29** | **26** | **3** |
| Замолници-граѓанско | **0** | **1** | **1** | **1** | **0** |
| Заверки | **0** | **2644** | **2644** | **2644** | **0** |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупно вид предмети** | **227** | **3548** | **3775** | **3509** | **266** |
| **Вид предмети** | **Извршни** | | | | |
| **Подвид на предмет** | **Нерешени предмети на почеток** | **Примени предмети** | **Вкупно предмети во работа** | **Решени предмети** | **Остаток** |
| Приговор против неправилности во извршувањето | 0 | 15 | 15 | 15 | 0 |
| Дозвола за извршни дејстија | 0 | 5 | 5 | 5 | 0 |
| **Вкупно вид предмет** | **0** | **20** | **20** | **20** | **0** |
| **Вид предмет** | **Парнични** | | | | |
| **Подвид предмет** | **Нерешени предмети на почеток** | **Примени предмети** | **Вкупно Предмети во работа** | **Решени предмети** | **Остаток** |
| Парнични мала вредност | 12 | 24 | 36 | 28 | 8 |
| Платни налози по приговор | 0 | 6 | 6 | 6 | 0 |
| Повторување постапка парнични парнични предмети | 1 | 0 | 1 | 1 | 0 |
| Семејни спорови | 19 | 28 | 47 | 44 | 3 |
| Работни спорови | 6 | 9 | 15 | 10 | 5 |
| Имотни спорови | 35 | 23 | 58 | 28 | 30 |
| Облигациони спорови | 6 | 8 | 14 | 10 | 4 |
| **Вкупно вид предмети** | **79** | **98** | **177** | **127** | **50** |
| **ВКУПНО** | **306** | **3666** | **3972** | **3656** | **316** |

### 1.2.2.3. Квалитетот на работење на ниво на Граѓански оддел по сите основи

Во 2020 година, во овој оддел обжалени се 36 предмети.

Од обжалените вратени од второстепен суд **вкупно се 19 предмети**, од кои **12** предмети со одлука потврдена, **6** предмети со одлука укината и **1** предмет со одлука делумно укината.

*Табеларен приказ за квалитетот на работење на ниво на Граѓански оддел:*

| Решени предмети | Потврдени | | Укинати | | Преиначени | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Број | Број | % | Број | % | Број | % |
| 171 | 12 | 7,01 | 6 | 3,50 | 0 | 0 |

## 1.3. СОСТОЈБА СО СТАРИ НЕРЕШЕНИ ПРЕДМЕТИ НА НИВО НА СУД

Во извештајната година судот вкупно имал **186 стари предмети**, од кои **114** предмети пренесени од претходната година. Решени се **37** стари предмети, а останале нерешени **149** стари предмети.

*Табеларен приказ на стари нерешени предмети на крајот на годината по видови и години:*

| Вид предмети | 2008 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Повикување на лица на издржување на казна затвор | 2 | 0 | 0 | 0 | 4 | 2 | 1 | 9 |
| Имотни спорови | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 6 | 6 | 13 |
| Семејни спорови | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 |
| Оставина | 0 | 2 | 5 | 15 | 16 | 37 | 51 | 126 |
| **ВКУПНО** | **2** | **2** | **5** | **16** | **20** | **45** | **59** | **149** |

Според бројот на стари нерешени предмети на крајот на годината, во 2020 година **има зголемување и застој во решавањето на предметите Оставина доверени во работа на нотар, поради причините наведени погоре.**

## 1.4. ПОДАТОЦИ ЗА ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СУДОТ И СУДИИТЕ

### 1.4.1. Предметно работење на Претседател на судот, судија ILIR ISENI

#### 1.4.1.1. Движење на предметите на Претседателот на судот по сите основи

*Податоците за движење на предметите во 2020 година кај Претседателот на судот, по сите основи, се прикажани во следната табела:*

| Нерешени предмети на почеток | Новопримени предмети | Предмети повторно во работа | Погрешно заведени предмети | Вкупно предмети во работа | Решени предмети | Остаток |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **2** | **5765** | **20** | **0** | **5787** | **5787** | **0** |

*Табеларен приказ на предметното работење на Претседателот на судот, по уписник*:

| **ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СУДОТ, СУДИЈА ILIR ISENI, ВО 2020 ГОДИНА** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **ОБЛАСТ** | **КРИВИЧНА** | | | | |
| **Вид на предмет** | **Кривични полнолетни** | | | | |
| **Подвид предмет** | **Нерешени предмети** | **Примени предмети** | **Вкупно во работа** | **Решени предмети** | **Остаток предмети** |
| Разни кривични предмети | **0** | **1968** | **1968** | **1968** | **0** |
| Кривичен совет-вон расправа. | **0** | **55** | **55** | **55** | **0** |
| **ВКУПНО ОБЛАСТ** | **0** | **2023** | **2023** | **2023** | **0** |
| **ОБЛАСТ** | **ГРАЃАНСКА** | | | | |
| **Вид предмети** | **Вонпарнични** | | | | |

| Подвид предмет | Нерешени предмети | Примени предмети | Вкупно во работа | Решени предмети | Остаток предмети |
|---|---|---|---|---|---|
| **Разни вонпарнични предмети** | **0** | **673** | **673** | **673** | **0** |
| **Оставина по приговор** | **0** | **2** | **2** | **2** | **0** |
| **Заверки** | **0** | **2641** | **2641** | **2641** | **0** |
| **Вкупно вид предмети** | **0** | **3316** | **3316** | **3316** | **0** |
| **Вид предмети** | **Извршни** | | | | |
| **Подвид на предмет** | **Нерешени предмети** | **Примени предмети** | **Вкупно во работа** | **Решени предмети** | **Остаток предмети** |
| Приговор против неправилности во извршувањето | 0 | 15 | 15 | 15 | 0 |
| Дозвола за извршни дејствија | 0 | 5 | 5 | 5 | 0 |
| **Вкупно вид предмет** | **0** | **20** | **20** | **20** | **0** |
| **Вид предмет** | **Парнични** | | | | |
| **Подвид предмет** | **Нерешени предмети** | **Примени предмети** | **Вкупно во работа** | **Решени** | **Остаток** |
| Облигациони спорови | 2 | 0 | 2 | 2 | 0 |
| **Вкупно вид предмети** | **2** | **0** | **2** | **2** | **0** |
| **ВКУПНО ОБЛАСТ** | **2** | **3336** | **3338** | **3338** | **0** |
| **ОбЛАСТ** | **СУДСКА УПРАВА** | | | | |
| **Вид  предмет** | **Евиденции во судска управа** | | | | |
| **Подвид на предмет** | **Нерешени предмети** | **Примени предмети** | **Вкупно во работа** | **Решени предмети** | **Остаток Предмети** |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Предмети судска управа | 0 | 383 | 383 | 383 | 0 |
| СУ-ДОВ. | 0 | 8 | 8 | 8 | 0 |
| СУ-ИЗЗ | 0 | 10 | 10 | 10 | 0 |
| Слободен пристап до инфо. од јавен карактер | 0 | 25 | 25 | 25 | 0 |
| **Вкупно судска управа** | **0** | **426** | **426** | **426** | **0** |
| **ВКУПНО** | **2** | **5785** | **5787** | **5787** | **0** |

### 14.1.2. Квалитетот на предметно работење на Претседателот на судот, судија ILIR ISENI

Во извештајната година кај предмети во работа на Претседателот на судот, вкупно обжалени се **7** предмети.

Од обжалените вратени предмети од второстепен суд вкупно се **7** предмети, од кои **5** предмети со одлука потврдена, **1** предмет со одлука укината и **1** предмет со одлука преиначена.

*Табеларен приказ на квалитетот на решавање на предметите на Претседателот на судот, судија Ilir Iseni, по сите основи:*

| **Решени предмети** | **Потврдени** | | **укинати** | | **Преиначени** | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Број | Број | **%** | Број | **%** | Број | **%** |
| **62** | **5** | **0,80** | **1** | **1,61** | **1** | **1,61** |

Пресметката на квалитетот на работење на Претседателот на судот, судија ILIR ISENI е направена на вкупно решените предмети (вклучувајќи ги предметите повторно во работа) и тоа на потврдени, укинати и преиначени одлуки, **без предметите по кои не е дозволен правен лек.**

## 1.4.2. Судија ДАМЈАН ИЛОСКИ

### 1.4.2.1. Движење на предметите кај судијата по сите видови предмети

*Податоците за движење на предметите по сите основи во текот на 2020 година кај Судијата Дамјан Илоски, се прикажани во следната табела:*

| Нерешени предмети на почеток | Новопримени предмети | Предмети повторно во работа | Погрешно заведени предмети | Вкупно предмети во работа | Решени предмети | Остаток |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **40** | **43** | **10** | **1** | **93** | **60** | **33** |

*Табеларен приказ на движење на предметите на судијата, по уписник:*

| **ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА СУДИЈА ДАМЈАН ИЛОСКИ ВО 2020 ГОДИНА** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **ОБЛАСТ** | **ГРАЃАНСКА** | | | | |
| **Вид предмети** | **Вонпарнични** | | | | |
| **Подвид предмет** | **Нерешени предмети на почеток** | **Примени предмети** | **Вкупно предмети во работа** | **Решени предмети** | **Остаток** |
| ВонПарнични предмети | 1 | 13 | 14 | 13 | 1 |
| Физичка делаба | 1 | 0 | 1 | 1 | 0 |
| Заверки | 0 | 3 | 3 | 3 | 0 |
| **Вкупно вид предмети** | **2** | **16** | **18** | **17** | **1** |
| **Подвид предмет** | **Парнични** | | | | |
| **Подвид предмет** | **Нерешени предмети на почеток** | **Примени предмети** | **Вкупно предмети во работа** | **Решени Предмети** | **Остаток** |
| Парнични мала вредност | 6 | 14 | 20 | 15 | 5 |
| Платни налози по приговор | 0 | 3 | 3 | 3 | 0 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Работни спорови | 3 | 6 | 9 | 5 | 4 |
| Повторување на постапката парнични предмети | 1 | 0 | 1 | 1 | 0 |
| Имотни спорови | 26 | 6 | 32 | 12 | 20 |
| Облигациони спорови | 2 | 5 | 7 | 4 | 3 |
| **Вкупно вид предмети** | **38** | **34** | **72** | **40** | **32** |
| **ВКУПНО ОБЛАСТ ГРАЃАНСКА** | **40** | **50** | **90** | **57** | **33** |
| **ОБЛАСТ** | **КРИВИЧНА** | | | | |
| **Вид на предмет** | **Кривични полнолетни** | | | | |
| **Подвид предмет** | **Нерешени предмети на почеток** | **Примени предмети** | **Вкупно предмети во работа** | **Решени предмети** | **Остаток** |
| Кривичен совет-вон расправа. | 0 | 3 | 3 | 3 | 0 |
| **ВКУПНО ОБЛАСТ КРИВИЧНА** | **0** | **3** | **3** | **3** | **0** |
| **ВКУПНО** | **40** | **53** | **93** | **60** | **33** |

### 1.4.2.2. Квалитетот на работење на судијата Дамјан Илоски

Според АКМИС системот, во текот на извештајната година кај судијата Дамјан Илоски, обжалени се **20** предмети.

Од обжалените вратени предмети од второстепен суд, вкупно се **13** предмети од кои **8** предмети со одлука потврдена, **4** предмети со одлука укината и **1** предмети со одлука преиначена.

*Табеларен приказ за квалитетот на работење на судијата по сите основи:*

| Решени предмети | Потврдени | | Укинати | | Преиначени | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Број | Број | % | Број | % | Број | % |
| **57** | **8** | **14,03** | **4** | **7** | **1** | **1,75** |

Пресметката на квалитетот на работење е направена на вкупно решените предмети (вклучувајќи ги предметите повторно во работа) и тоа на потврдени, укинати и преиначени одлуки, **без предметите по кои не е дозволен правен лек.**

- **Вонредни правни лекови**

Според АКМИС системот, во 2020 година кај судијата Дамјан Илоски, регистриран е 1 примен предмет по вонреден правен лек, во кој одлуката е потврдена.

### 1.4.2.3. Состојба со стари нерешени предмети

Судијата Дамјан Илоски по сите основи вкупно стари предмети во работа имал **18**, од кои **8** предмети се пренесени од претходната година. Решил **5**, а останале нерешени **13** предмети.

*Табеларен приказ на движење на стари нерешени предмети кај судијата Дамјан Илоски:*

| Вид предмети | На почеток | Примени | Вкупно во работа | Решени | Остаток |
|---|---|---|---|---|---|
| Имотни спорови | **8** | **10** | **18** | **5** | **13** |

## 1.4.3. Судија MERSIM MARKU

### 1.4.3.1. Движење на предметите кај судијата по сите видови предмети

*Податоците за движење на предметите во 2020 година кај Судијата Mersim Marku, по сите основи, се прикажани во следната табела:*

| Нерешени предмети на почеток | Новопримени предмети | Предмети повторно во работа | Погрешно заведени предмети | Вкупно предмети во работа | Решени предмети | Остаток |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **45** | **181** | **4** | **0** | **230** | **209** | **21** |

*Табеларен приказ на предметно работење на судијата, по уписник:*

| **ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА СУДИЈА MERSIM MARKU ВО 2020 ГОДИНА** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **ОБЛАСТ** | **ГРАЃАНСКА** | | | | |
| **Вид предмети** | **Вонпарнични** | | | | |
| **Подвид предмет** | **Нерешени предмети** | **Примени предмети** | **Вкупно предмети во работа** | **Решени предмети** | **Остаток предмети** |
| Вонпарнични предмети | 2 | 13 | 15 | 13 | 2 |
| Физичка делба | 2 | 0 | 2 | 2 | 0 |
| Замолници-граѓански | 0 | 1 | 1 | 1 | 0 |
| Вкупно вид предмети | **4** | **14** | **18** | **16** | **2** |
| **Вид предмет** | **Парнични** | | | | |
| **Подвид предмет** | **Нерешени предмети** | **Примени предмети** | **Вкупно во работа** | **Решени предмети** | **Остаток предмети** |
| Парнични мала вредност | 6 | 10 | 16 | 13 | 3 |
| Платни налози по приговор | 0 | 3 | 3 | 3 | 0 |
| Семејни спорови | 19 | 28 | 47 | 44 | 3 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Работни спорови | 3 | 3 | 6 | 5 | 1 |
| Имотни спорови | 9 | 17 | 26 | 16 | 10 |
| Облигациони спорови | 2 | 3 | 5 | 4 | 1 |
| **Вкупно вид предмети** | **39** | **64** | **103** | **85** | **18** |
| **ВКУПНО ОБЛАСТ** | **43** | **78** | **121** | **101** | **20** |
| **ОБЛАСТ** | **КРИВИЧНА** | | | | |
| **Вид на предмет** | **Извршување (санкции) кривично** | | | | |
| **Подвид предмет** | **Нерешени предмети** | **Примени предмети** | **Вкупно во работа** | **Решени предмети** | **Остаток предмети** |
| Повикување лица на издржување на казна затвор | 0 | 1 | 1 | 0 | 1 |
| Извршување на прекршочни глоби,трошоци и паушал | 0 | 83 | 83 | 83 | 0 |
| **Вкупно вид предмети** | **0** | **84** | **84** | **83** | **1** |
| **Вид предмети** | **Кривични полнолетни** | | | | |
| Предмети кривично полнолетни | 2 | 2 | 4 | 4 | 0 |
| Кривични предмети на претходна постака | 0 | 17 | 17 | 17 | 0 |
| **Вкупно вид предмети** | **2** | **19** | **21** | **21** | **0** |
| Вид предмети | **Прекршочни** | | | | |
| Прекршочни предмети | **0** | **4** | **4** | **4** | **0** |
| **ВКУПНО ОБЛАСТ** | **2** | **107** | **109** | **108** | **1** |
| **ВКУПНО** | **45** | **185** | **230** | **209** | **21** |

### 1.4.3.2. Квалитетот на работење на судијата Mersim Marku

Според АКМИС системот, во текот на извештајната година кај судијата Mersim Marku, обжалени се **15** предмети.

Од обжалените вратени предмети од второстепен суд, вкупно се **7** предмети од кои **4** предмети со одлука потврдена, **2** предмети со одлука укината и **1** предмети со одлука делумно укината.

*Табеларен приказ за квалитетот на работење на судијата по сите основи:*

| **Решени предмети** | **Потврдени** | | **укинати** | | **Преиначени** | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Број | Број | **%** | Број | **%** | Број | **%** |
| **108** | **4** | **3,30** | **2** | **1,85** | **0** | **0** |

### 1.4.3.3. Состојба со стари нерешени предмети

Во извештајната година судијата Mersim Marku во работа имал **5** стари предмети, решил **4**, останале нерешени **1** предмети.

*Табеларен приказ на движење на стари предмети кај судијата:*

| **Стари предмети во работа на судијата Mersim Marku во 2020 година** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Вид предмети** | **На почеток** | **Новопримени** | **Вкупно** | **Решени** | **Остаток** |
| Физичка делба | 1 | 0 | 1 | 1 | 0 |
| Имотни спорови | 1 | 2 | 3 | 2 | 1 |
| Семејни спорови | 1 | 0 | 1 | 1 | 0 |
| **ВКУПНО** | **3** | **2** | **5** | **4** | **1** |

## 1.4.4. Судија ОРУЧ АБАЗОВСКИ

### 1.4.4.1. Движење на предметите кај судијата по сите видови предмети

Согласно Распоредот за работа на Основниот суд во Дебар за 2020 година, судијата Оруч Абазовски, постапувал по предмети од кривична област.

Во извештајната година, судијата Оруч Абазовски вкупно во работа по сите основи имал **522** предмети, од кои **38** предмети пренесени од претходната година. Решил **504** предмети, а останале нерешени **18** предмети.

*Табеларен приказ на движење на предметите на судијата по сите основи:*

| Нерешени предмети на почеток | Новопримени предмети | Предмети повторно во работа | Погрешно заведени предмети | Вкупно предмети во работа | Решени предмети | Остаток |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **38** | **496** | **26** | **0** | **560** | **542** | **18** |

*Табеларен приказ на движење на предметите на судијата,по уписник:*

| ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА СУДИЈА ОРУЧ АБАЗОВСКИ ВО 2020 ГОДИНА | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **ОБЛАСТ** | **КРИВИЧНА** | | | | | |
| **Вид на предмет** | **Извршување (санкции) кривично** | | | | | |
| **Подвид на предмет** | **Нерешени предмети** | **Примени предмети** | **Погрешно заведени** | **Вкупно во работа** | **Решени предмети** | **Остаток предмети** |
| Повикување на лица на издржување на казна затвор | 29 | 19 | / | 48 | 32 | 16 |
| Извршување на кривични парични казни, трошоци и паушал | | 31 | / | 31 | 31 | 0 |
| Извршување на кривични и прекршочни санкции и алтернативни мерки | 0 | 7 | / | 7 | 7 | 0 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупно вид предмети** | **29** | **57** | **0** | **86** | **70** | **16** |
| **Вид на предмет** | **Кривични полнолетни** | | | | | |
| **Подвид предмет** | **Нерешени предмети** | **Примени предмети** | **Погрешно заведени** | **Вкупно во работа** | **Решени предмети** | **Остаток предмети** |
| Предмети кривично полнолетни | 3 | 115 | 0 | 118 | 116 | 2 |
| Кривични предмети на претходна постапка | 0 | 16 | 0 | 16 | 16 | 0 |
| Замолници кривична област | 0 | 6 | 0 | 6 | 6 | 0 |
| **Вкупно вид предмети** | **3** | **137** | **0** | **140** | **138** | **2** |
| **Вид предмет** | **Прекршочни** | | | | | |
| **Подвид предмет** | **Нерешени предмети** | **Примени предмети** | **Погрешно заведени** | **Вкупно во работа** | **Решени предмети** | **Остаток предмети** |
| Прекршочни предмети | 6 | 328 | 0 | 334 | 334 | 0 |
| **Вкупно вид предмети** | **0** | **328** | **0** | **334** | **334** | **0** |
| **ВКУПНО** | **38** | **522** | **0** | **560** | **542** | **18** |

### 1.4.4.2. Квалитетот на работење на судијата Оруч Абазовски

Според АКМИС ситемот, во текот на извештајната година кај судијата Оруч Абазовски, обжалени се **23** предмети.

Од обжалените вратени предмети од второстепен суд вкупно се **37** предмети, од кои **26** предмети со одлука потврдени, **10** предмети со одлука укинати и **1** предмет со одлука преиначена.

*Табеларен приказ за квалитетот на работење на судијата по сите основи:*

| **Решени предмети** | **Потврдени** | | **Укинати** | | **Преиначени** | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Број | Број | % | Број | % | Број | % |
| **450** | **7** | **1.55** | **3** | **0,66** | **2** | **0,44** |

Пресметката на квалитетот на работење на судијата е направена на вкупно решените предмети (вклучувајќи ги предметите повторно во работа) и тоа на потврдени, укинати и преиначени одлуки, **без предметите по кои не е дозволен правен лек.**

### 1.4.4.3. Состојба со стари нерешени предмети

*Табеларен приказ за стари нерешени предмети на судијата по сите основи:*

| **Стари предмети во работа на судијата Оруч Абазовски во 2020 година** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Вид предмети | На почеток | Ново-примени | Вкупно во работа | Решени предмети | Остаток |
| Предмети кривично полнолетни | 0 | 2 | 2 | 2 | 0 |
| Повикување на лица на издржување на казна затвор | 20 | 1 | 21 | 12 | 9 |
| **ВКУПНО** | **20** | **3** | **23** | **14** | **9** |

## 2. ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

Со Одлуката на Судскиот совет на РМ под бр.07-1103/1 од 04.07.2012 година, утврдено е судската функција во Основен суд Дебар да ја извршуваат пет судии, во која бројка влегува и претседателот на судот.

Моментално судската функција во судот ја вршат четири судии, вклучувајќи го и Претседателот на судот.

Со Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места во Основниот суд Дебар под СУ.бр.90/15 од 16.03.2015 година, предвидени се вкупно 50 работни места од кои: 1–едно за раководни судски службеници; 19-деветнаесет за стручни судски службеници; 20-дваесет за помошно стручни судски службеници; 2-две за помошно технички работници и 8-осум за судска полиција.

Согласно Актот за систематизација на работните места во Основниот суд Дебар, во 2020 година пополнети се вкупно 25 работни места од кои: 6-шест работни места од групата стручни судски службеници (2-два судски соработници, 2–два помлад судски соработник, 1-еден соработник информатичар и 1–еден соработник - толкувач); 14-четиринаесет места од групата помошно стручнни судски службеници (1–еден самостоен референт архивар, 1-еден самостоен референт извршител во писарница, 1-еден самостоен референт книговодител-благајник, кое место е пополнето во месец јули на определено време до 31.12.2019 година, 1–еден виш референт, 8-осум референти и 2-два помлади референти, 1–едно од групата помошни технички работиници - хигиеничар, и 4-четири од групата судска полиција.

Судот 2020 година ја започна со 28 вработени, вклучувајќи ги Претседателот и тројца судии, а заврши со 25 вработени.

Во 2020 година има три упразнувања на работни места и тоа: 1) едно работно место помлад судски соработник, поради стекнување на статус слушател во Академијата за судии и јавни обвинители Скопје, 2) едно работно место референт - дактилограф, поради исполнетни услови за пензија, и 3) едно работно место Виш судски референт - архивар, поради смрт на службеникот.

Судот на почетокот на годината по добиена согласност за вработување, изврши вработување на еден извршител на определено време на работно место Самостоен референт - книговодител и благајник, во постапка со оглас за вработување на определено време заклучно со 31.12.2020 година.

Согласно Годишниот распоред за работа на Судот за 2020 година, еден стручен судки службеник беше распореден кај двајца судии. Кај секој судија има распоредено судски референт – дактилограф.

Обуките на вработените се реализираа согласно Распоредот на Академијата за судии и јавни обвинители за обука на судии и судски службеници. Поради пандемијата со КОВИД-19, дел од обуките беа откажани а дел следени онлајн.

## 3. СУДСКА ПРАКСА

При враќањето на обжалените предмети од второстепен суд и предметите по ревизија, Претседателот на судот и судиите се состануваа и притоа се завземаа ставови за усогласување на судската пракса.

## 4. ПОДАТОЦИ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ

Во Основен суд Дебар во 2020 година примени беа 25 писмени барања, со кои се бараа информации од јавен карактер. На истите судот одговори позитивно во законски предвидениот рок.

На Веб-страната на судот, во извештајната 2020 година објавени се 83 судски одлуки – пресуди/ решенија од граѓанска, кривична и дел од вонпарничната материја.

Покрај објавата на анонимизирани одлуки, на Веб-страна на судот беа објавувани распоредот на рочишта и други информации од јавен карактер кои треба да се достапни за пошироката јавност.

Во извештајната година, Претседателот на судот оствари пет средби со новинари, од кои четири со новинарите на регионалната телевизија ТВ Канал 3, која функционира за подрачјето на општините Дебар, Центар Жупа и Маврово и Ростуше (на албански, македонски и турски јазик), и една со новинар од МТВ2 (на албански јазик). На средбите со новинарите беше презентирано работењето на судот.

## 5. ПОДАТОЦИ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ ТЕХНОЛОГИИ

Информатичката опрема со која располага судот ги задоволува потребите на судот и овозможува целосна примена на Судскиот деловник за целосно формирање на електронско досие на предметот.

Судот располага со серверска конзола тип Fujitsu на која се инсталирани 5 виртуелни машини, 28 работни станици - персонални компјутери, мрежен принтер со фотокопир и скенер, локален скенер,15 локални ласерски печатари.

Дел од компјутерите се во функција од 2008 година. Исто така, Судот располага со видео дисплеј на кој се објавуваат насрочените предмети и други информации од јавен карактер.

Судот има опрема за тонско снимање од СРС ФЕМИДА програма, која комплетно е во функција и се користи во судницата за одржување на рочишта по граѓански предмети.

Од програмските апликации, во судот секојдневно се користат следните:

**- АКМИС програмата** за комплетна евиденција и движење на судски предмети,

- **АМБС програмата за книговодствено, материјално и магацинско работење,** која се користи во целост.

Во текот на работата се јавуваат вообичаени проблеми кои засега навремено се корегираат и надминуваат од страна на информатичарот на судот.

Во судот во целост се користи електронската достава преку која до странките се доставуваат скенираните иницијални акти и актите изготвени од страна на судот.

Судиите и судските службеници имаат пристап на интернет.

Писмената комуникација преку канцеларијата на Претседателот на судот и судските службеници се врши по електронски пат преку службени емаил адреси.

Во текот на годината активно се ажурира Веб-страната на судот, покрај објавата на календарот за судење, се објавуваа и судски одлуки согласно Законот, како и соопштенија за јавноста.

## 6. ОПРЕМЕНОСТ И ОДРЖУВАЊЕ НА ЗГРАДАТА НА СУДОТ

Зградата на судот е од типот ПП + кат. Дел од работните простории на судот се на вториот кат од деловниот објект „Мимоза“, кој дел е поврзан со зградата на судот со меѓукатни скали. Во овој дел се сместени 2-две судници, кабинетот на Претседателот на судот, 4 кабинети за судии и 3 кацеларии за судски службеници, кои се во добра состојба.

Додека пак, во зградата на судот - стар дел, на приземје се наоѓа просторијата наменета за шалтерско работење, просторија за архива на судот и четири канцеларии на ОЈО Дебар. На кат се наоѓаат пет канцеларии за судската администрација, просторија во која е сместен софтверот и просторија наменета за адвокати. Овие простори не се во добра состојба, истите се со оштетени подна подлога и столарија-врати.

Има потреба од реновирање на покривот на стариот дел од зградата, бидејќи покривот е оштетен и при врнежи на дожд и снег доаѓа до прокиснување, а со тоа до оштетување на таваните на просториите на катот наменети за судската администрација.

Судот, уназад две години, при изготвување на Буџетскиот циркулар, за 2019 и 2020 година, планираше средства за реновирање на покривот на судската зграда, но од страна на Судски буџетски совет не се одобрени средства.

Очекуваме во 2021 година дополнително да се одобрат средства за реновирање на покривот на судската зграда - стар дел.

Обезбедувањето на судската зграда се врши физички со четири извршители - судска полиција и со видео надзор.

Присуството на вработените се врши со картички за евиденција за пристап во судските простории.

До судниците и работните простории на кат нема пристап за лица со посебни потреби, потребно е за тоа да се изгради лифт. Покрај тоа, на приземјето нема санитарен чвор кој ќе може да се користи од лицата со посебни потреби.

Од возниот парк, Судот има две службени возила кои се во хаварисана состојба - вон употреба, и тоа: 1) ПМВ марка „Фолсваген“, тип „Голф 4“, бензин, година на производство 1998; и 2) ПМВ марка „Фолсваген“, тип „Пасат“, дизел, година на производство 2008, двете моторни возила на судот отстапени од Агенцијата за управување со одземен имот, кои биле одземени во кривична постапка.

Потребно е обновување на возниот парк со квалитетно и економично возило.

Во однос на безбедноста на предметите во судот треба да се обезбедат метални каси за архивата на судот.

## 7. ИЗВЕШТАЈ ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ

Во 2020 година, согласно Годишниот план за јавни набавки, Основниот суд Дебар, изврши 5-пет јавни набавки.

Табеларен приказ на извршени јавни набавки во 2020 година:

| **Сопствени јавни набавки** | **Планирана вредност, без ДДВ** | **Договорена вредност, без ДДВ** |
|---|---|---|
| **Вид набавка** | | |
| **Стоки - канцелариски материјали** | 180.000,00 | 89.012,00 |
| **Стоки – печатени обрасци** | 90.000,00 | 57.110,00 |
| **Стоки – тонери** | 90.000,00 | 73.542,00 |
| **Стоки – масло за греење ЕЛ-1** | 300.000,00 | 222.724,00 |
| **Услуги – осигурување на објект и информатичка опрема** | 50.000,00 | 4.523,00 |

Покрај сопствените јавни набавки, во извештајната година судот, преку заеднички јавни набавки, и тоа преку Судски буџетски совет, има направено набавка за мобилна телефонија и интернет услуга.

## 8. ИЗВЕШТАЈ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА СУДОТ

**О**сновен суд Дебар 2020 година ја започна со обврски спрема добавувачи во износ од 24.178,00 денари, а ја заврши со неизмирени обврски во износ од 52.222,00 денари.

Буџетот на судот во 2020 изнесувал **16.107.276,00** денари, од кои:

- за плати на **ставка 401,** износ 10.505.310,00 денари,
- за исплата на придонеси на **ставка 402**, иснос од 4.070.006,00 денари,
- за исплата на расходи на **ставка 420**, износ од 2.490,00 денари,
- за комунални услуги, греење, комуникација и транспорт на **ставка 421**, износ од 846.322,00 денари,
- за материјали и ситен инвентар на **ставка 423**, износ 299.843,00 денари,
- за поправка и одржување на **ставка 424**, износ од 21.641,00 денари,
- за договорни услуги на **ставка 425**, износ од 115.641,00 денари,
- за други тековни расходи на **ставка 426**, износ од 27.029,00 денари, и
- за разни трансфери на **ставка 464**, износ од 179.294,00 денари.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СУДОТ/ KRYETARI I GJYKATËS,**
**ILIR ISENI**

**Изготвил:**
*Мевмед Муратоски,*
*судски соработник.*